РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-578/4
04-05-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година донесе:

# ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 08-3316/1 од 19.12.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-3316/1 од 19.12.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-3316/1 од 19.12.2025 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на службеното лице ___________ по престанок на функцијата градоначалник на Општина ______________.
Државната комисија заради правилно и целосно утврдување на фактичката состојба направи увид во Централен Регистар на Република Северна Македонија и согласно Историјатот на промени на субјектот Општина _____________ утврди дека е донесено Уверение за избран градоначалник на Општина _________ со бр.11-165/1 од 10.11.2025 година издаден од Општинска изборна комисија ____________, со што на лицето ______________ му престанува функцијата градоначалник.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека ______________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на престанокот на функцијата градоначалник на Општина __________________ не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сторил прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-578/2 од 30.01.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: Е.П., советник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, член на ДКСК